# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 34 | 14.06.2023 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци | |
| Одлука за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, ...75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.06.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3910/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.06.2023 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 73 и член 74 став 8 од Закон за градење (”Службен весник на Република Македонија” бр.130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и ”Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), во врска со член 6 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (”Службен весник на Република Македонија” бр.55/2018 и ”Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 188/20, 55/21 263/22) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05..75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-ма вонредна седница, одржана на ден 14.06.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци**

**Член 1**

**Се одобрува изведување на градбата**, Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци како градба согласно член 73 од Законот за градење за која не е потребно одобрение за градење и за која е надлежна општина Кавадарци да ја спроведува управната постапка за издавање на решението за изградба на истата.

Градбата од ства 1 на овој член од одлуката ќе се изведува на земјиште кое претставува КП.бр.2427 и КП.бр.2426/1 КО Ваташа во м.в. "Катуниште", село Ваташа, Општина Кавадарци, во рамките на Меморијалниот центар "12 Ваташки младинци", како значајно културно наследство.

**Член 2**

Спомен обележјата 12 (дванаесет) бисти, секоја поединечно се со висина од 1.80 метри (бетонски постамент 1.20 метри и биста 0.60 метри ) и површина 0,64 $м^2$.

Спомен собата е со висина од 3.40 метри и површина од $35м^2$.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот дел од локациите на кои се предвидува изградба на спомен обележјата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци"

Бр.08-3901/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
14.06.2023 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов




## ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Ситуација:

споменик на 12-те младинци

површина за градење за бисти

површина за градење за спомен соба




**ПОСТОЈНА СОСТОЈБА**

Ситуација:
спомeник на 12-те младинци